# СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА

## СОУ Таки Даскало - Битола

СОУ "Таки Даскало” од Битола е основано на 1ви септември 1984. Се наоѓа во југозападниот дел на Македонија.

Ние сме средно училиште со:

1. Гимназиско образование: општествено-хуманистичко, природно-математичко и јазично-уметничко подрачје.

2. Стручно образование (3 или 4 годишно): геолошко-рударска, текстилна, сообраќајна, графичка, градежно-архитектонска, хотелско-угостителска и туристичка струка.

3. Специјалистичко образование: возач инструктор, петти степен на образование.

Во училиштето има околу 850 ученици на возраст од 15-18 години, и околу 110 наставници.

Нашето училиште се стреми кон образование со современи техники и методи. Училиштето е едно од најнапредните во нашата земја во поглед на образовната практика, стручниот тим и менаџерскиот тим. На ова поле, училиштето постојано инвестира во професионални обуки на наставниот кадар.

Моментално, училиштето е вклучено во шест тековни Erasmus+ Key Action 2 проекти, Соработка за иновации и Размена на добри практики. Го довршивме проектот Програма за доживотно учење, KA1 Erasmus+ Проектот за инклузивно образование („Регионална поддршка за инклузивно образование во југоисточна Европа“, финансиран директно од ЕУ и Советот на Европа) и многу други.